2010033584

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 54 став 1 точка 7 и 8 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009 и 67/2009), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на ден 16.02.2010 година, донесе

ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ НА СЕРВИСНИ УСЛУГИ КОИ СЕ КОРИСТАТ ВО БОЛНИЧКАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Во Одлуката за утврдување на референтни цени на сервисни услуги кои се користат во болничката здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 164/2008 и 22/2009), насловот на одлуката се менува и гласи: „Одлука за утврдување на референтни цени во специјалистичко - консултативната здравствена заштита“.

Членот 1 се менува и гласи:

„Со оваа одлука се утврдуваат референтни цени, за услугите во специјалистичко - консултативната здравствена заштита, кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

Според референтните цени утврдени во оваа одлука ќе се пресметуваат и сервисните услуги вклучени во здравствените услуги што се користат во болничката здравствена заштита, кои меѓусебно ќе ги надоместуваат здравствените установи, а паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.“

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-2136/10
16 февруари 2010 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Елена Трпковска, с.р.